**Известување за концентрација со која СКЕС Инвестмент 17 С.а.р.л., Луксембург, ќе стекне контрола над Свикс Биофарма Холдинг АГ, Швајцарија**

**(предмет бр. 08-23/2026)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 208/24 и 16/25), на ден 22.01.2026 година, а дополнето на 27.01.2026 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која СКЕС Инвестмент 17 С.а.р.л. (SKES Investment 17 S.à.r.l.), со регистрирано седиште на Плас де ла Гар 5, Л-1616 Луксембург, Луксембург ќе стекне самостојна контрола над друштвото Свикс Биофарма Холдинг АГ (Swixx Biopharma Holding AG), со регистрирано седиште на Нојхофштрасе 5А, 6340 Баар, Швајцарија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**СКЕС Инвестмент 17 С.а.р.л.** е друштво со посебна намена, основано исклучиво за целите на Предложената трансакција. Истото нема други деловни активности.

СКЕС Инвестмент 17 С.а.р.л е индиректно контролиран од фондови со кои управуваат и кои ги советуваат поврзани друштва на СК Капитал Партерс Л.П. (SK Capital Partners L.P.; „СК Капитал").

СК Капитал е приватно инвестициско друштво со седиште во САД, фокусирана на секторите на специјализирани материјали, хемиската и фармацевтската индустрија. СК Капитал е основана во 2007 и е со седиште во Њујорк, САД, со канцеларија и во Мајами, Флорида, САД. Активно е на светско ниво, преку своите портфолио друштва, со посебен фокус на Северна Америка, Европската Економска Област (ЕЕО), Блискиот Исток и Австралија.

Друштвата од портфолиото на СК Капитал немаат регистрирано присуство, ниту остварени приходи во Република Северна Македонија.

**Свикс Биофарма Холдинг АГ**, е активна во комерцијализацијата на готови фармацевтски производи во дозирана форма за фармацевтски компании – трети лица. Свикс Биофарма Холдинг АГ работи во повеќе држави во Централна и Источна Европа, Грција, Евроазија и неколку поранешни советски републики, Блискиот Исток и Латинска Америка. Претежно снабдува производи на биофармацевтски компании, производи кои се продаваат без рецепт (OTC) и компании за медицински средства на тие пазари.

Свикс Групата има регистрирано присуство во Северна Македонија преку едно зависно друштво:

АМИКУС ФАРМА ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Булевар Партизански Одреди бр. 62, ламела Ц, Скопје – Карпош со регистрираната приоритетна дејност на Амикус НМК е 73.11 – Рекламни агенции.

Во Северна Македонија, Свикс Биофарма е активна во продажба на фармацевтски производи во дозирана форма, во областите онкологија, кардиоваскуларни заболувања, ретки болести, ендокринологија, вакцини, дерматологија, централниот нервен систем,

остеопороза, антиинфективни средства, хематологија, гастроентерологија и трансплантологија.

Според подносителот на известувањето, релевантниот пазар за предметната концентрација би може да се дефинира како пазар за комерцијализација и дистрибуција на фармацевтски производи.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

28.01.2026 година

Скопје